# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализирани активности по Програмата за образование за 2025 година

### I.ВОВЕД

Во 2025 година активностите реализирани од областа на образование се во согласност со Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за наставници и стручни соработници, Закон за ученички стандард Законот за локална самоуправа како и сите подзаконски акти. Водена е целосна грижа за спроведување на прописите донесени од локалната и централната власт, состојбата со кадарот, неговата соодветност и ангажираност, условите за работа во училиштата и состојбата на објектите со опфатот на ученици во училишната мрежа, работата на директорите и стручните служби во училиштата, почитување на календарот за работа на основните и средните училишта.

### II.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Доставени се предлози до Министерството за образование и наука за запишување ученици во прва година во средно образование во СОУ „Ѓорче Петров“ особено во делот на стручно образование и листата на образовни профили кои ќе бидат реформирани, а според потребите на пазарот на трудот, наставниот кадар, просторните услови и опременоста на училиштето,преку организиран настан за социјален дијалог потребата беше дефинирана во делот на

  -медицинска струка – дуална паралелка на медицинска сестра,

  -електротехничка струка – дуална паралелка за електротехничар за компјутерска техника и автоматика,

  -угостителска струка – дуална паралелка за угостителско туристички техничар една

  -дуална паралелка од економска струка – е трговија и дигитален маркетинг, четиригодишно образование и

  -еден образовен профил дуална паралелка од тригодишно образование, болничар – неговател од здравствена струка .

- Со почеток на новата учебна година до Министерството за образование и наука доставени се барања за согласности на определено време за вработување на наставен кадар, при што за истите до три месеци е дадена согласност од страна на Градоначалникот, а за до крајот на учебната година е добиена согласност од Министерство за образование и наука



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

- Од страна на општината доделени се по 3000 денари еднократен финасиски надоместок за секое прваче односно за вкупно 119 првачиња запишани во двете основни училишта.

- Обезбедени се униформи за сите ученици во основните училишта и средното училиште во Општина Крива Паланка.

- Спроведени се барања во делот на согласности за наставен и ненаставен кадар и тоа по основ на боледувања, породилни боледувања, пензионирања, спогодбен престанок, неплатени отсуства во текот на учебната година, и за истите кои се со подолг период од три месеци и се по основ на старо финансирање се добиени согласности од МОН.

- Направена е трансформација на работен однос на работни места на наставен кадар по основ на поднесени барања од страна на училиштата и тоа за четворица (двајца наставника и две наставнички) во СОУ Ѓорче Петров, тројца наставника во ООУ Илинден и двајца (еден наставник и една наставничка) во ООУ Св.Јоаким Крчовски.

- Согласно одлука на Совет на Општина Крива Паланка за формирање на комисија за доделување на стипендии за талентирани ученици и должностите на комисијата спроведена е постапката за објавување на Конкурсот за доделување на стипендии за млади таленти, поднесувањето на пријавите од страна на кандидатите за стипендии, разгледување на поднесените пријави од страна на Комисијата за спроведување на постапката, изготвување на ранг-листа со бодовна состојба и потпишувањата на договорите помеѓу корисниците на стипендија и давателот-Општина Крива Паланка, при што се доделени шест нови стипендии (за четири ученика и два студента) во износ од три илјади денари месечно, девет месеци во учебната година и единаесет стари стипендисти кои продолжуваат со користење на стипендија исто така во износ од три илјади денари месечно, односно вкупно има седумнаесет стипендисти кои ги исполнуваат условите, согласно потпишаните договори.

- Согласно Одлука на Совет на Општина Крива Паланка за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Скопје, согласно распишаниот Конкурс осум студенти започнаа да го користат правото со два повратни билети во еден месец со АД „Пролетер“ Крива Паланка и тоа пет студенти се субвенционирани од АД Пролетер а тројца студенти од Општина Крива Паланка.

- По повод 24-ти мај денот на Словенските просветители врз основа на Одлука од Совет на Општина Крива Паланка и Конкурсот за избор на најуспешен просветен работник во одделенска настава и најуспешена просветен работник во предметна настава од страна на Комисијата е спроведена постапката и на Свечена академија се доделени награди и признанија на:

  -едена наставничка во одделенска настава вработена во ООУ „Илинден“ и

  - еден наставник во предметна настава вработен во СОУ „Ѓорче Петров,

Доделени и признанија на ученици на генерации за учебната 2024/2025 година.кои беа предложени од страна на училиштата, при што Градоначалникот додели признанија за

-една најдобра ученичка во ООУ Илинден,

-еден најдобар ученик во ООУ „Св. Јоаким Крчовски" и

-една најдобра ученичка во СОУ „Ѓорче Петров".

- Од страна на општината доделени се по 3000 денари еднократен финасиски надоместок за секој матурант односно за вкупно 135 матуранти запишани во средното училиште Ѓорче Петров.
- Согласно Законот за вработени во јавниот сектор дадена е согласност на Годишните Планови за вработување за 2026 година од страна на Советот на Општина Крива Паланка, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација, при што за планираните вработувања за 2026 година добиена се согласности од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии за еден сметководител во ООУ „Илинден" по основ на пензија (постапка започната во 2022 година кој што не е завршена) и тројца хигиеничари (двајца пензија еден отказ) и еден домаќин поради пензионирање, во ООУ „Св.Јоаким Крчовски"еден хигиеничар по основ на пензија, во СОУ „Ѓорче Петров" еден хигиеничар по основ на пензионирање.
- Распределба на средствата од блок дотацијата за 2026 година, согласно донесениот Правилник за утврдени стандарди и нормативи за распределба на средства од блок дотации за основното образование, средното образование, ученички дом и детска градинка и за истата распределба е донесена Одлука на Совет на Општина Крива Паланка.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф8.3/2

## ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА

| 1 | **ПОСТИГНАТА ЦЕЛ:-Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки | Донесена Одлука за стипендирање бр. 09-2973/17 од 25.05.2025 г. | јануари - декември | Согласно Одлука бр. 09-3296/15 од 11.07.2024 г. Исплатени се стипендии за 19 ученици (17ж и 2 м) за<br>- ноември и декември 2024 г.<br>- јануари - јуни 2025 година | **Реализирани 456 000 денари** |
| | Објавувен конкурс за стипендирање | | Стипендирани се 17 ученици (16 женски и 1 машки) за учебна 2025-2026г. | / |
| | Склучување на договори за стипендирање | | Одлука бр.09-2973/17 од 25.05.2025 г. | |
| 2 | **ЦЕЛ: Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и подршка за еднаков пристап и можности на сите ученици/чки, студенти/тки во образовниот процес** | | | |
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| Субвенциониран превоз на студенти /тки | Донесена Одлука за субвенционирање | Септември/октомври | Осум (шест девојчиња и две машки) студенти го користат правото на субвенциониран превоз при што 5 студенти се со субвенција е од АД Пролетер Крива Паланка а три се од буџет на општина Крива Паланка согласно Одлука бр.09-2973/21 од | **Реализирани 0 денари** |
| | Објавен на конкурс за субвенционирање | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 29.05.2025 г. | |
| Еднократна парична помош на семејства со прваче | Донесена Одлука за еднократна парична помош | септември | Доделена еднократна помош на 119 првачиња (55 женски и 64 машки) запишани во општинските основни училишта во нето висина 3000 денари | **Реализирани 396 672 денари** |
| | Поднесување на барање | | | |
| | Донесување Решение | | | |
| Месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка, | Донесена Одлука за месечна субвенција во нето висина од 2000 денари по ученик за учебна 2025-2026г | септември | Согласно Одлука бр.3296/25 од 11.07.2024 во 2025година се исплатени<br>- ноември и декември 2024<br>- јануари - мај 2025 г. | **Реализирани 2 706 396 денари** |
| | Поднесено барање | | Поднесени се барања за 174 ученика (80 женски и 94 машки) | / |
| | Решение | | - Согласно одлука бр.09-2973/13 од 29.05.2025 година за учебна 2025-2026г | |
| Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка | Донесена одлука | мај | Поднесени и одобрени се 135 барања за исплата на еднократна помош за матуранти (74 женски и 61 машки) во нето висина од 3000 денари за запишни во СОУ Ѓорче Петров во Крива Паланка, согласно одлука бр.534/17 од 31.01.2025 г | **Реализирани 449 955 денари** |
| | Поднесени барања | | | |
| | Решение | | | |
| **3** | **ЦЕЛ: -Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар** | | | |

| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
|---|---|---|---|---|
| Избор на најуспешен просветен работник/чка | Донесена Одлука<br>Донесен Правилник<br>Објавен Конкурс | мај | Доделени се награди (плакети) и признанија на најуспешен просветен работник во одделенска настава<br>- Една одделенска наставничка од ООУ Илинден<br>- Еден наставник по предметна настава во основно и средно образование (добитник е наставник од СОУ Ѓорче Петров)<br>- Доделени се вкупно 3 (три) признанија на предложените ученици на генерации од училиштата<br>- еден ученик од ООУ Св.Јоаким Крчовски<br>- една ученичка од ООУ Илинден<br>- една ученичка од СОУ Ѓорче Петров | **Реализирани 18 172 денари** |
| **4** | **ЦЕЛ:Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.** | | | |
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф8.3/2

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | тековно | Обезбедено осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти со што се зголемува безбедноста на учениците и ученичките во улиштата | **Реализирани 60 000 денари** |
| Блок дотација за основно образование | Одлука за распределба на средства за основните училишта | Тековно 2025 година | Вкупно1282 ученика (581 женски и 701 машки) во основните училишта на општина Крива Паланка | **182.512 000,00 денари** |
| Блок дотација за средно образование | Одлука за распределба на средства за средното училиште | Тековно 2025 година | Вкупно 575 ученика (228 женски и 347 машки) во средното училиште во општина Крива Паланка | **72.000 000,00 денари** |
| | | | **Вкупен буџет** | **4 087 195,00 ден** |
| | | | **Блок дотација** | **254 512 000,00 ден** |
| | | | **Вкупно блок дотација и општина** | **258 599 195,00 ден** |

Датум/место
20.02.2026 Крива Паланка

Изработил:Советник за образование и спорт
Јасминка Ангеловска
Одделение за јавни дејности
Даниела Милошевска

Сектор за правни работи, јавни дејности
и поддршка на градоначалникот
Даниела Велковска